и8932

ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 5 ФЕВРУАРИ 2002 , 1768 , 15

ВИСОКА ВЛАДИНА ДЕЛЕГАЦИЈА ГИ ПОСЕТИ МУЗЕИТЕ

# Премиерот Георгиевски ветил дека ќе ги решава изложените проблеми

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Премиерот Љубчо Георгиевски ветил дека ќе помогне во санацијата на музејските згради и во реконструкцијата на Чифте-амамот во Скопје. Тој со министрите за култура и за транспорт и врски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Љупчо Балковски, завчера ги посети Музејот на Македонија, Музејот на современа уметност и Чифте-амамот, во старата чаршија.

- Премиерот Георгиевски се информираше за хроничните проблеми на Музејот на Македонија, за тековните работи и проектите што ги подготвуваме годинава. Тој ги виде изложбените салони, музејските депоа, лабораториите и се запозна со сите детали од годинашната програма за работа. Премиерот вети дека ќе помогне да го решиме проблемот со југозападниот ѕид на објектот, кој пропушта вода и е најпроблематичен во врнежливите периоди од годината, како и за позасилена работа на етнолошката поставка - ни рече директорот Драгиша Здравковски. Според него, ова е првпат некој премиер да дојде во работна посета на Музејот. Инаку, Георгиевски го најавил ова доаѓање уште во минатата година, кога во Музејот беше отворена Галеријата на икони.



Директорот Драгиша Здравковски и премиерот Љубчо Георгиевски во депото на Музејот на Македонија

Годинава Музејот ќе соработува со Републичкиот завод за заштита на спомениците (сместен во истата зграда) за санацијата на руинираниот ѕид, зафат што ќе го финансираат Министерството за култура и други спонзори.

Викторија Весева-Димеска, директорка на Уметничката галерија „Скопје“, под чии ингеренции е Чифте-амамот, рече дека премиерот бил задоволен („О, па вие добро напредувате!“) со тековните работи во турската бања.

- Оваа посета нè исполни со оптимизам. Ја договоривме и стратегијата за завршните работи на амамот, планираме да „удриме форца“ и, ако се обезбедат средства, објектот ќе го промовираме на крајот на пролетта - вели Димеска.

На средбата станало збор и за евентуалните инвеститори што би се вклучиле во реконструкцијата на Чифте-амамот. Васева напомена дека Електростопанство на Македонија (кое со телекомот веќе даде вкупно 100.000 евра за санација) повторно ќе учествува, ако не со „кеш“, ќе обезбеди кабли, трафостаница и слично (треба да се постави и потстаница за грејниот систем). Реконструкцијата на Чифте-амамот е проценета на 750.000 евра.

Премиерот го посетил и Музејот на современата уметност. Оваа музејска зграда е можеби „најпроблематичната“ од сите вакви институции - покривот протекува, а дотраена е и електричната инсталација.